# Кодекс на однесување




Интегритетот е основата на нашето работење.

Искрени. Чесни. Транспарентни.

март 2023 г.

# Порака од нашиот управен одбор

А1 Телеком Австрија Групацијата е посветена на одржување висок стандард на интегритет кон сите свои засегнати страни. На крајот на краиштата, само искрените, чесните и транспарентни активности ќе обезбедат долгорочен економски успех и углед на Групацијата. Покрај тоа, почитуваната и респектабилна интеракција која што постои е важна компонента на нашата корпоративна култура. Нашите вредности „тим, доверба и агилност" не водат да ја реализираме нашата визија „Зајакнување на дигиталниот живот" за нашите клиенти и општеството. Како дел од нашите ESG амбиции, ние активно ја преземаме нашата еколошка и социјална одговорност преку промовирање на поефикасни, поприфатливи за ресурсите, а со тоа и поодржливи начини на работа и живеење.

Интегритетот е основа на нашиот бизнис. За нас, важно е не само да ги постигнеме нашите цели, туку е важно и КАКО ги постигнуваме истите. Етичко и законски беспрекорното однесување е одговорност на сите. За нас, интегритетот е поважен од краткорочниот деловен успех. Во случај на сомнеж, попрво би се откажале од деловните активности отколку да склучиме трансакција која што е во судир со законските барања, со нашите вредности и со нашите внатрешни упатства.

Нашиот Кодекс на однесување се однесува на сите вработени и на целото раководство на А1 Телеком Австрија Групацијата. Содржи упатства и принципи за нашето однесување коешто е во согласност со нашите вредности и со законот. Сепак, Кодексот на однесување ќе има позитивен ефект само ако ја демонстрираме нашата целосна посветеност кон него на дневна основа.

Делувањето со интегритет во нашиот секојдневен деловен живот е од суштинско значење за одржливиот деловен успех и угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата. Да го користиме Кодексот на однесување како упатство за нашата секојдневна работа и да се погрижиме луѓето во нашата работна средина да го прават истото.

Апсолутно зависи од нас!

Томас Арнолднер

Главен извршен директор

А1 Телеком Австрија Групација

Алехандро Платер

Главен оперативен директор

А1 Телеком Австрија Групација

Зигфрид Мајерхофер

Главен финансиски директор

А1 Телеком Австрија Групација

# Содржина


Порака од нашиот управен одбор ........ 2
1 Вовед ........ 4
2 Нашата одговорност за луѓето, општеството и средината ........ 6
2.1 Зајакнување на дигиталниот живот ........ 6
2.2 Дигитална етика ........ 6
2.3 Разновидност, еднаквост и вклученост ........ 6
2.4 Човекови права ........ 7
2.5 Животна средина ........ 8
3 Основни принципи на однесување ........ 8
3.1 Одговорност за угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата ........ 8
3.2 Нашите вредности ........ 9
3.2.1 Тим ........ 9
3.2.2 Доверба ........ 9
3.2.3 Агилност ........ 9
3.3 Интеракција – „А1 начин на работа“ ........ 9
4 Спроведување на стандарди за интегритет ........ 10
4.1 Деловни врски ........ 11
4.1.1 Деловни врски со корисниците ........ 11
4.1.2 Деловни врски со конкурентите ........ 11
4.1.3 Деловни односи со добавувачите ........ 12
4.1.4 Односи со трети страни ........ 13
5 Постапување со информации ........ 14
5.1 Приватност на податоци ........ 14
5.2 Безбедност на податоци ........ 14
5.3 Одржување на доверливоста ........ 14
5.4 Постапување со внатрешни информации ........ 15
5.5 Финансиски интегритет ........ 15
6 Спречување конфликти на интереси ........ 16
7 Придржување кон стандардите за однесување ........ 16
8 Прашања ........ 17
9 Поврзани документи ........ 18

# 1 Вовед

Визијата на А1 Телеком Австрија Групацијата е „Зајакнување на дигиталниот живот". За да се придонесе кон одржлива иднина преку дигитални услуги и комуникација, решенијата играат клучна улога во овој потфат. "Еколошкото, социјалното и корпоративното управување (ESG)" се сметаат за двигатели на долгорочна вредност.

А1 Телеком Австрија Групацијата се приклучи на Глобалниот пакт на ООН. Така се обврзавме да ги спроведуваме основните барања во областа на човековите права, трудот, животната средина и борбата против корупцијата. А1 Телеком Австрија Групацијата ги усогласува своите активности со цел да ги поддржи Целите за одржлив развој на Обединетите Нации и е посветена на Насоките на OECD за мултинационални претпријатија.

Амбициозните цели на ESG се засноваат на три столба: Силната посветеност за заштита на животната средина и климата го сочинува првиот столб. Мерките за ефикасно користење на природните ресурси, зголемување на енергетската ефикасност, намалување на емисиите на $CO_2$ во Групацијата и во синџирот на снабдување, промовирање на кружната економија и отстранување на отпадот на еколошки здрав начин се клучните точки на нашите активности во оваа област. Вториот столб се однесува на иницијативи во областа на дигиталното образование. Се стремиме да промовираме пристап до интернет, информации и образование и да придонесеме за подобрување на знаењето и безбедноста за користење на новите медиуми. Друг фокус е на унапредувањето на жените, родовата еднаквост и еднаквоста на сите малцинства низ Групацијата и на раководните позиции, со што се намалува родовиот јаз во платите и се промовира социјалното волонтерство меѓу нашите вработени. Силната корпоративна култура на усогласеност го формира третиот столб на ESG стратегијата на А1 Телеком Австрија Групацијата, која исто така вклучува приватност на податоците и безбедност на информациите, нашата посветеност на човековите права и на одржлив синџир на снабдување.

Ние одржуваме најдобра практика и надворешно сертифициран систем за управување со усогласеност[1] (CMS) за да овозможиме интегритет и доверливост во рамките на А1 Телеком Австрија Групацијата. Нашиот CMS е погоден за усогласување со меѓународните законски барања и стандарди (вклучително и Законот за странски коруптивни практики на САД (FCPA), Законот за мито во Велика Британија, ISO 37301 системот за управување со усогласеност, системот за управување со антикорупција ISO 37001, ISO 37002 Систем за управување со укажувачи, Глобален договор на ОН, Насоки на OECD за мултинационални претпријатија) и редовно се ревидира однадвор.

[1]Политиката за усогласеност на А1 Групацијата, улогите и одговорностите за имплементација на мерки и процедури ориентирана кон ризик во областите на спречување и откривање на прекршувања на усогласеноста, како и за подобрување на Системот за управување со усогласеноста на А1 Групацијата се сумирани во описот на Систем за управување со усогласеност на А1 Групацијата објавен на веб-страницата на А1 Групацијата на https://www.a1.group/en/group/compliance-management.




Се придржуваме кон законите, етичките стандарди, внатрешните упатства и нашите вредности. А1 Телеком Австрија Групацијата не толерира никаква форма на корупција во своите деловни активности. Откриваме можни судири на интереси и дејствуваме исклучиво во интерес на А1 Телеком Австрија Групацијата.

Ние ќе бидеме одговорни за каква било штета што ќе ја предизвикаме со кршење на нашите правила. Несоодветното однесување се казнува без исклучок и има дисциплински последици.

Комуницираме и ја почитуваме меѓусебната соработка, како и соработка со нашите клиенти и сите засегнати страни, а воедно работиме на начин на кој тие можат да ни веруваат. Довербата е основа за секаква соработка - иако стекнувањето доверба е често споро и долго, губењето на истата може да се случи за миг.

А1 Телеком Австрија Групацијата го смета секој еден од нашите вработени за поединец кој поседува можност да:

- проценува ситуации и донесува одлуки;
- презема сопственост над своите постапки; и
- ги третира другите на начин на кој таа или тој очекува да бидат третирани.

## На кого се однесува Кодексот за однесување?

Нашиот Кодекс на однесување се однесува на сите членови на Управниот одбор, управните директори, лидерските тимови, менаџерите, вработените и членовите на надворешната работна сила во сите компании во А1 Телеком Австрија Групацијата.[2]

[2]Сите компании на А1 Телеком Австрија Групацијата кои се директно или индиректно контролирани од Телеком Австрија АГ

Исто така очекуваме дека нашите деловни партнери во синџирот на вредности ќе применуваат интегритет во целосна согласност со законот и работиме да им доставиме до знаење дека тие се договорно обврзани да ги почитуваат овие барања за однесување.

# 2 Нашата одговорност за луѓето, општеството и средината

## 2.1 Зајакнување на дигиталниот живот

Со својата визија „Зајакнување на дигиталниот живот", А1 Телеком Австрија Групацијата е целосно во служба на луѓето. Ова особено вклучува помош во обликувањето на одржлива иднина преку дигитални услуги и комуникациски решенија.

А1 Телеком Австрија Групацијата активно ја презема својата еколошка и социјална одговорност преку промовирање поефикасни, поодржливи и поволни за ресурси, начини на работа и живеење, како и градење дигитални вештини за поддршка на еднаков пристап до информации, знаење и образование. Само со таква експертиза и со еднаков, сеопфатен и квалитетен пристап до дигитални медиуми, услуги и деловни модели, можеме да го развиеме целиот потенцијал на дигитализацијата за општеството, економијата и животната средина.

Ние ги охрабруваме нашите вработени да работат за подобрување на општеството преку нивната лична заложба.

## 2.2 Дигитална етика

Анализата на големи податоци и услуги управувани од податоци игра клучна улога во дигиталниот живот. Ние внимателно ја користиме вештачката интелигенција (ВИ). Сакаме ВИ да го поедностави животот на нашите клиенти и да има позитивно влијание врз општествените цели, како што се целите на ООН за одржлив развој. Користиме методологија „Приватност по дизајн" со која заштитните мерки на приватност и безбедност на податоците се разгледуваат и дизајнираат во производи, услуги, процеси или проекти во секоја фаза од животниот циклус.

## 2.3 Разновидност, еднаквост и вклученост

Разновидноста, еднаквоста и вклученоста се важни елементи на стратегијата за ESG на А1 Телеком Австрија Групацијата. А1 Телеком Австрија Групацијата ја смета разновидноста како важен критериум за остварување на нејзините корпоративни цели. Ние намерно негуваме работна култура во која секој, без оглед на пол, културно и етничко потекло, сексуална и религиозна ориентација и идентитет, ментални и физички способности и индивидуални услови за живот и работа, се третира праведно и може да го развие и реализира својот потенцијал. Поддржуваме холистички пристап кон различноста, еднаквоста и вклученоста. Ја промовираме различноста на нашите вработени во сите аспекти. Нивното искуство, знаење и креативност се основа за нашиот успех.

Различноста во тимот на А1 отвора голем потенцијал за Групацијата. Различните компетенции, перспективи и искуства нудат многу опции за учење заедно и едни од

други, а со тоа и за изнаоѓање подобри решенија за А1 клиентите, вработените и компанијата.

А1 Телеком Австрија Групацијата има за цел да обезбеди еднаква плата за еднаква работа или за работа со еднаква вредност помеѓу жените и мажите. Единствена работна структура ширум групацијата ја формира основата за опсегот на платите кои редовно се прилагодуваат врз основа на пазарните податоци за да се осигура дека платата е во согласност со пазарот.

## 2.4 Човекови права

Нашата политика за човекови права е водена од Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации, Меѓународниот пакт на Обединетите нации за граѓански и политички права (CCPR), Меѓународниот пакт на Обединетите нации за економски, социјални и културни права (CESCR), Декларацијата за фундаментални Принципи и права на работа прогласени од Меѓународната организација на трудот (ILO), Водечките принципи за бизнис и човекови права воспоставени од Обединетите нации (UNGP), Глобалниот договор на ОН и Насоките на OECD за мултинационални претпријатија.

Онаму каде националното законодавство отстапува од посветеноста кон човековите права на А1 Телеком Австрија Групацијата и поставува пониски стандарди, Групацијата секогаш се стреми да постигне повисок стандард, затоа што благосостојбата на нашите вработени е наш главен приоритет.

Промовираме почитување и разновидност без да правиме дискриминација врз основа на попреченост, етничко потекло, религија, пол, возраст, брачен статус, здравствена состојба, бременост, сексуална ориентација, националност, економски статус или политичко мислење. Ние се залагаме за елиминирање на дискриминацијата при вработувањето и работата. Со секоја личност се однесуваме достоинствено и професионално.

Ние сме посветени на безбедноста, здравјето и благосостојбата на нашите вработени и ги преземаме потребните мерки за спречување и минимизирање на професионалните ризици.

За да се одржи безбедна работна средина, физичкото насилство и заканите на работното место мора да предизвикаат итен одговор во согласност со утврдените процедури. Не дозволуваме било какво вознемирување, заплашување, навреди, закани, лажни обвинувања, малтретирање, сексуално вознемирување и други дела на физичко или психолошко насилство кои негативно влијаат на достоинството на нашите вработени.

Забрануваме прикажување слики или предмети со сексуална содржина, како и слики или предмети што можат да промовираат омраза, дискриминација или стереотипи на работното место.

Не се мешаме во правата на нашите вработени за слобода на здружување и колективно договарање.

Ние сме против секаков вид на експлоатација на деца и присилна работа.

Усвојуваме мерки за отстранување на бариерите и промовираме еднаков пристап на лицата со попреченост во нашите установи и дигиталните платформи.

Ние ги штитиме приватноста и личните податоци на клиентите, вработените, дистрибутерите, акционерите и добавувачите; како и приватноста на комуникацијата на нашите корисници. Ние ја промовираме слободата на нашите корисници да чуваат и слободно да споделуваат информации како дел од нашите комуникациски услуги.

А1 Телеком Австрија Групацијата нема идеолошка или политичка припадност. Сите вработени имаат право да ги остваруваат своите политички права без да бидат под притисок, директно или индиректно, да фаворизираат одредена политичка партија или кандидат. Секоја таква политичка активност мора да се преземе само на лична основа, надвор од работното време и без никакво изречно или подредено повикување на Групацијата, и под никакви околности не смее да вклучува употреба на кој било од финансиските или други ресурси или средства на А1 Телеком Австрија Групацијата.

Ние ги почитуваме човековите права и ги применуваме во нашата комуникација. Спроведуваме кампањи за подигање на свеста за промовирање на важноста на почитување на човековите права, вклученост во работното место, различностите, родова еднаквост и еднаквоста на малцинствата.

Работиме на сигурноста дека нашите добавувачи, дистрибутери и други трговски партнери го почитуваат однесувањето утврдено во овој Кодекс во врска со нивните вработени, вклучително и почитување на човековите права.

## 2.5 Животна средина

Зачувувањето на здрава животна средина во која вреди да се живее е важно за нас.

Дигитализацијата и климатските промени се најважните предизвици на 21[от] век. Додека високо-перформансната и безбедна за иднината, инфраструктура е основа на дигитализацијата, информатичката и комуникациската технологија исто така таа може да придонесе за борба против климатските промени. А1 Телеком Австрија Групацијата се обврза на заштита на климата и активно усогласување на своите деловни активности.

Емисиите на $CO_2$ кои произлегуваат од потрошувачката на енергија на мрежната инфраструктура продолжуваат да го претставуваат главното влијание на Групацијата врз климатските промени. А1 Телеком Австрија Групацијата се спротивставува на ова со намалување или стабилизирање на потрошувачката на електрична енергија со цел да се одржи енергетски што е можно поефикасно работење и со колку што е можно повеќе користење електрична енергија од обновливи извори.

Во областа на кружната економија, целта е да се користат што е можно помалку примарни суровини преку мерки како што се избегнување отпад, доследно управување со животниот циклус, намалување на пластиката во продажбата и употреба на еколошки амбалажи. Понатаму, ресурсите треба да служат за целта да се користат што е можно подолго.

# 3 Основни принципи на однесување

## 3.1 Одговорност за угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата

Угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата е под големо влијание од начинот на кој секој од нас се претставува себеси, како работи и како се однесува. Нелегалното или несоодветното однесување од само еден вработен може да направи значајна штета за целата организација.

Сите вработени мора да го почитуваат и да вложат напори за зачувување и промовирање на угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата во своите активности.

## 3.2 Нашите вредности

### 3.2.1 Тим

Ние работиме заедно и ги користиме сите наши заедничките средства и сили за да ги исполниме очекувањата на нашите корисници. За нас важно е да бидеме отворени, транспарентни и да делуваме како тим. Сечие мислење е важно – и секој го охрабруваме да преземе дејство.

### 3.2.2 Доверба

Преку доверба, создаваме средина што промовира љубопитност, отвореност и соработка. Ние „стоиме" на она што го зборуваме и ги одржуваме ветувањата. Веруваме во знаењето и способностите на сите вработени. Постапуваме со интегритет во нашето работење едни со други, со клиенти, добавувачи и партнери.

### 3.2.3 Агилност

Дигиталниот свет нема да чека на нас за ние да сме спремни за него. Затоа, носиме одлуки и брзо ги спроведуваме. Во нашата секојдневна работа ние учиме, дали преку разговори со нашите соработници и преку нашата внатрешни платформи за учење и социјална соработка. Ние учиме од нашите грешки и постојано се трудиме да го направиме следниот чекор.

## 3.3 Интеракција – „А1 начин на работа"

Работиме во динамично опкружување и постојано се соочуваме со нови предизвици: било да се тоа пословени или нови пазари, зголемени очекувања на клиентите или одбрана и развој на нашата основна дејност и искористување на нов потенцијал за раст. За да бидеме во чекор со оваа динамика, ги ставаме луѓето во центарот.

Сакаме да создадеме свест за важноста од проактивно преземање иницијатива, преземање одговорност и поставување амбициозни цели. Преземаме ризици, споделуваме неуспешни обиди и успеси и го предизвикуваме статус кво. Љубопитни сме, бараме можности и нови идеи и ги користиме можностите за учење и раст.

А1 Телеком Австрија Групацијата на сите вработени им нуди средина во која сите имаат еднакви можности, средина каде приватниот и професионалниот живот не се косат меѓусебно. Промовирајќи разновидност и еднаквост, Групацијата презема важни мерки и негува култура на меѓусебна почит. За да се осигураме дека секогаш работиме со беспрекорен интегритет, воведовме систем за управување со усогласеност како поддршка за придржување кон строгите правила на усогласеост.

Инспирирани од нашите вредности „тим, доверба и агилност", ние дејствуваме како еден тим. Создаваме култура на соработка, во која сме подготвени да си веруваме и да се поддржуваме едни со други. Ние ги цениме нашите различности и ги вклучуваме сите.

Луѓето како индивидуи, работејќи како тим на заедничките цели, начинот на кој водиме, носиме одлуки, и накратко нашата корпоратина култура добива важност над структурните фактори како што се организацијата, хиерархијата и процесите. Лидерството се развива во улога на „овозможувач", улога што создава слобода, делува како тренер и ги поддржува тимските одлуки. Менаџерите ја дефинираат рамката за содржината и ги канат луѓето да придонесат во нејзиното обликување. Во овие рамки, тимовите дејствуваат самостојно.

Нашиот „А1 начин на работа‟ е централен аспект на нашата корпоративна култура и промовира мултифункционални, а со тоа и разновидни, агилни, прилагодливи тимови. Флексибилното работење е прашање на рутина за нас. Резултатите се поважни од работното време и локацијата. „ А1 начинот на работа ‟ бара проширено и променето разбирање на лидерството за да може да се обезбеди јасна ориентација под нови услови во повиртуелен свет.

Посветени сме во она што го правиме, експериментираме и пробуваме нови работи. Дејствуваме фокусирано и брзо, наоѓаме начини да ги надминеме пречките и на тој начин покажуваме што е можно.

Свесни сме и сериозно ја сфаќаме одговорноста за нашата комуникација како и содржината. Споделуваме точни и доследни информации, а ги штитиме доверливите информации од неовластена обработка и откривање.

Комуницираме јасно и искрено на разбирлив јазик и даваме голема вредност на транспарентноста. Користиме разбирлив јазик затоа што ги цениме луѓето во нивната разновидност и сакаме да се обратиме кон сите и воедно да ги вклучиме сите.

Комуницираме отворено и учиме едни од други. Внимателно се слушаме и го споделуваме нашето знаење и нашата мрежа. Ги препознаваме и ги користиме силните страни и даваме искрени повратни информации.

Ние сме достапни за сите. Проактивно нудиме поддршка доколку видиме дека можеби е потребна. Ние не ги обвинуваме колегите за грешките  туку гледаме на нив како можност да учиме и да се развиваме заедно.

Кон колегите се однесуваме како што сакаме кон нас да се однесуваат. Ние сме искрени, фер и автентични и покажуваме почит.

Ориентирани сме кон перформанси и посветени на постигнување на најдобри резултати. Ние ги признаваме и наградуваме извонредните достигнувања, притоа признавајќи дека индивидуите имаат различни таленти и вештини.

Менаџерите ги поддржуваат своите вработени во постигнување рамнотежа помеѓу нивниот професионален и приватен живот и ги користат предностите на она што компанијата го нуди за подобрување на нивниот баланс помеѓу работата, животот и здравјето. Ова создава добра основа за продуктивна работа.

# 4 Спроведување на стандарди за интегритет

Дејствувањето со интегритет е апсолутно задолжително за одржлив успех во работењето. Ние дејствуваме во согласност со сите применливи закони и регулативи и нашите внатрешни упатства. Во ситуации во кои не сме правно обврзани, се однесуваме исто како што би очекувале од другите: искрено, чесно и транспарентно.

Менаџерите се одговорни за применување на интегритетот преку поставување на соодветниот тон на врвот. Нивна е одговорноста редовно да ја нагласуваат важноста на ова однесување и да даваат пример со сопственото однесување. Сепак, ова не ги ослободува вработените од нивната одговорност да дествуваат етички и со интегритет. Заедно мораме да се трудиме да бидеме во согласност со законите и насоките и да ги исполнуваме нашите вредности во секојдневниот живот.

Регрутирањето и управувањето со таленти во рамките на А1 Телеком Австрија Групацијата се базира врз квалификациските критериуми, а не врз лични врски,

кронизам или непотизам. Нашето управување со перформансите гарантира дека компонентите на променливата плата се исплаќаат само доколку деловните цели се постигнат во согласност со законот и нашите внатрешни упатства.

За да ја поддржиме нашата култура на доверба и интегритет, А1 Телеком Австрија Групацијата користи сертифициран систем за управување со усогласеност со јасни правила и процедури врз основа на два главни столбови: превенција и детекција.

# 4.1 Деловни врски

Работењето со нашите деловни партнери се карактеризира со доверба и чесност. Нашите деловни одлуки не смее да се под влијание на приватни интереси и лични придобивки.

## 4.1.1 Деловни врски со корисниците

Угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата се формира со начинот на кој имаме интеракција со нашите корисници. Затоа, ние ги почитуваме сите законски и внатрешни регулативи и се однесуваме кон нашите клиенти на начин на кој ние би сакале да бидеме третирани.

Чесно добиваме договори врз основа на квалитетот и цената на нашите иновативни производи и услуги. Според тоа, нашите договори не ги добиваме со нудење, ветување или доделување незаконски придобивки на вработени од јавниот сектор или управителите во приватната индустрија. Следиме строги правила во однос на подароци и покани за деловни ручеци и настани.

Доколку вработени во јавниот сектор или управителите во приватната индустрија побараат да им доделиме незаконски придобивки или нам ни понудат такви придобивки кои би влијаеле на нашите одлуки, ние ги информираме менаџерите или го пријавуваме инцидентот кај менаџерот за усогласеност (за листа со контакти, погледнете www.A1.group/compliance) или на порталот на А1 Телеком Австрија Групацијата tell.me-whistleblowing.

## 4.1.2 Деловни врски со конкурентите

А1 Телеком Австрија Групацијата признава дека слободната конкуренција е основниот елемент на пазарниот систем. Чесното и транспарентно однесување на пазарот ја осигурува конкурентноста на А1 Телеком Австрија Групацијата. Го почитуваме националното и меѓународното антимонополско право. Не учествуваме во фиксирањето на цени или незаконски пазарни договори со конкурентите и не склучуваме договори или зделки во однос на издавањето на лажни понуди.

Во нашите активности со асоцијации или групи на интерес, посветуваме особено внимание на почитувањето на насоките за однесување на антимонополското право. Доколку сме свесни дека другите учесници го прекршуваат антимонополското право во таквите органи или во рамките на опсегот на асоцијациските настани, веднаш ќе се повлечеме од истите и ќе го информираме нашиот менаџер или ќе го пријавиме инцидентот до правната служба, до менаџерот за усогласеност или на порталот за укажувачи на А1 Телеком Австрија Групацијата tell.me-whistleblowing.

Не шириме лажни информации за производите и услугите на нашите конкуренти или не се обидуваме да добиеме конкурентна предност на други неправични начини. Особено сме против незаконско стекнување на информации за нашите конкуренти.

### 4.1.3 Деловни односи со добавувачите

Одржуваме доверливи и фер деловни односи со нашите добавувачи, а истото го очекуваме и од нив.

Нашите процедури за набавка се во согласност со законите и регулативите на земјите во кои работиме. Одделот за набавка е одговорен за соодветна набавка на стоки и услуги при најдобрите можни услови. Заобиколувањето на оделот за набавки може да доведе до неповолности за А1 Телеком Австрија Групацијата. Затоа, мора строго да се почитуваат регулативите за набавка.

Кога пренесуваме внатрешни и доверливи информации на добавувачи и деловни партнери, ние потврдуваме дека истото се прави само во согласност со принципот на потреба за знаење и само во рамките на протокот на информации координиран со Одделот за набавки. Во ниту еден случај не смее да се пренесе информација на деловните партнери, која може негативно да влијае на посакуваниот исход на преговорите. Тесната соработка со добавувачите што честопати е неопходна, не ги менува фундаменталните различни интереси.

Со сите свои добавувачи, А1 Телеком Австрија Групацијата работи на почитување на законските регулативи за борба против корупцијата и стандардите за интегритет преку синџирот на снабдување. Секогаш кога е можно, А1 Телеком Австрија Групацијата претпочита да работи заедно со добавувачи кои се еколошки и општествено одговорни. Нашите добавувачи се обврзуваат дека тие и целиот синџир на снабдување ќе бидат во согласност со одредбите на Меѓународната организација на трудот (МОТ) во врска со правата на работниците и нивните услови за работа (како што се особено почитувањето на човековите права, забраната за детска и принудна работа, минимални стандарди во областа на здравјето и безбедноста при работа и гарантирање на соодветна награда).

Преку транспарентно доделување и документирање на договори, како и строги процеси на одобрување, обезбедуваме дека ниту една спонзорска активност или донација, советодавна задача или активност за лобирање не ги крши важечките регулативи.

Нашите деловни одлуки се носат единствено во интерес на А1 Телеком Австрија Групацијата; а личните интереси се ставаат на страна. При носењето деловни одлуки, ние не можеме да дозволиме на нас да влијаат добавувачи кои ни нудат или ветуваат несоодветни придобивки и ние нема да ги прифатиме таквите придобивки доколку ни се нудат. Исто така, ние не бараме од нашите добавувачи несоодветна предност.

Сакаме да ја избегнеме секоја можна перцепција дека на нашите деловни одлуки влијаат одредени предности кои ни се доделени. Доколку не сме сигурни дали можеме да прифатиме одреден подарок, покана за деловен ручек, покана за настан од страна на добавувачот, ние го прашуваме нашиот менаџер или менаџер за усогласеност или испраќаме е-пошта на: "ask.me@A1.group ".

Како дел од процесот на избор на деловни партнери, спроведуваме документирана проверка на интегритетот на деловниот партнер, базирана на ризик.

А1 Телеком Австрија Групацијата поставува високи барања за интегритетот на деловните партнери, кои исто така се инкорпорирани во договорните договори. Ние не работиме со деловни партнери кои или нивните вршители на должности, привлекле внимание во минатото во однос на неинтегритет или незаконско деловно однесување (особено корупција), или воспоставуваме мерки за да обезбедиме интегритет и законито однесување.

Доколку ни се нудат, ветуваат или доделуваат забранети придобивки, ние го информираме нашиот менаџер или го пријавуваме инцидентот кај менаџерот за усогласеност или на порталот tell.me на А1 Телеком Австрија Групацијата tell.me-whistleblowing.

## 4.1.4 Односи со трети страни

### 4.1.4.1 Пазар на капитал

А1 Телеком Австрија Групацијата е посветена на усогласување со австрискиот Кодекс за корпоративно управување, како и на одговорното корпоративно управување и надзор насочени кон одржливо создавање вредност.

Комуникацијата со пазарот на капитал е отворена и транспарентна. Ние сме посветени на принципот дека акционерите треба да се третираат еднакво под еднакви услови.

### 4.1.4.2 Донации и спонзорство

Како одговорен член на општеството и во рамките на опсегот на законските и финансиските можности, А1 Телеком Австрија Групацијата го поддржува образованието, науката, општествените и еколошките иницијативи со финансиски донации и донации во натура.

Финансиските донации и донациите во натура не се доделуваат на поединци, приватни банкарски сметки, политички партии или организации кои се блиски на политичките партии. Ова исто така важи за организациите кои можат да ги нарушат интересите или угледот на А1 Телеком Австрија Групацијата.

За сите спонзорски активности потребни се соодветни, видливи комуникациски и маркетинг услуги од партнерот – спонзор, кои се извршуваат транспарентно.

### 4.1.4.3 Медиуми

А1 Телеком Австрија Групацијата ја почитува независноста на новинарското известување.

Поради оваа причина, под никакви околности не треба да се обидуваме да влијаеме на новинарското известување преку поставување реклами или овозможување бесплатни услуги на долгорочна основа или на друг начин.

Ние не поставуваме реклами во медиумите на политички партии или политички поврзани организации.

### 4.1.4.4 Детална анализа на деловниот партнер

За А1 Телеком Австрија Групацијата, важно е да се работи само со оние партнери кои го почитуваат владеењето на правото и човековите права и кои дејствуваат со интегритет. Според тоа, кога станува збор за трети страни, ние вршиме детална анализа во однос на ризиците.

А1 Телеком Австрија Групацијата ги презема сите неопходни мерки за да го спречи перењето пари и финансирањето тероризам во рамките на својот опсег на влијаење. А1 Телеком Австрија Групацијата исто така ги почитува сите регулативи за ембарго и санкции, применливи за А1 Телеком Австрија Групацијата.

# 5 Постапување со информации

Доверливи информации од било каков вид добиени во текот на професионалните активности - вклучувајќи информации надвор од сопственото поле на активност - ниту може да се користат за остварување на сопствените интереси, ниту да бидат достапни за неовластени лица. Воспоставивме правила, процедури и контроли за заштита на доверливите информации.

Како транспарентна компанија, ние даваме големо значење на правилното и вистинито известување. Ова се однесува подеднакво на нашите односи со пазарот на капитал, вработените, клиентите, деловните партнери, како и со јавноста и сите официјални органи.

Само членовите на управниот одбор, вработените во прес-службите или овластените вработени зборуваат во името на А1 Телеком Австрија Групацијата. Службениците за комуникации и сите оние кои зборуваат во име на компанијата се свесни дека сè што ќе кажат во јавноста ја претставува компанијата.

Сите информации што ги користат, добиваат, произведуваат или развиваат нашите вработени за време на извршувањето на нивните должности се во сопственост на компанијата.

## 5.1 Приватност на податоци

Свесни сме за прилично чувствителната природа на личните податоци што ни ги даваат нашите клиенти, вработените, акционерите и добавувачите и правиме сè за да ги заштитиме овие податоци. Секој еден од нас е одговорен за зачувување на оваа доверливост во рамките на нашите задачи.

Ние собираме и обработуваме лични податоци во согласност со европските и националните прописи за заштита на податоците, особено Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR), националните закони за заштита на податоците и специфичните одредби на националните закони за телекомуникации. Покрај тоа, собираме и користиме лични податоци само до оној степен што е неопходен за легитимни цели. Сеопфатни информации за употребата на податоците на клиентите и за приватноста на податоците воопшто, им се достапни на нашите клиенти во секое време.

## 5.2 Безбедност на податоци

Безбедноста на податоците е многу важна за А1 Телеком Австрија Групацијата. Има значително влијание врз успехот на нашиот бизнис и нашиот имиџ во јавноста. Затоа, ние ги штитиме доверливоста, достапноста, интегритетот и автентичноста на податоците на компанијата и личните податоци со сите достапни, соодветни и соодветни технички и организациски средства од неовластен пристап, неовластено или неправилно користење, загуба и предвремено уништување, непланирана, несакана или неовластена модификација, компромитирање, кражба, манипулација и недостапност. Секој еден од нас е во рамките на своите должности, одговорен за заштита на ИТ системите на нашата компанија и информациите складирани во нив.

## 5.3 Одржување на доверливоста

Покрај организациските и техничките мерки за приватност на податоците, секој од нас има обврска да чува оперативни и деловни тајни. Информациите од ваква природа мора да бидат заштитени и им се соопштуваат на лицата во компанијата само доколку им се потребни за нивните професионални задачи. Ова исто така важи и за информации во

кои договорните партнери на А1 Телеком Австрија Групацијата имаат доверливи интереси, особено ако тоа е содржано во посебен договор за доверливост.

За разговори или телефонски повици со колеги во јавност или во канцеларија, секогаш водиме сметка да ги чуваме информациите доверливи. Покрај тоа, не дозволуваме надворешни лица да ги гледаат нашите деловни документи.

Обврската за чување тајност исто така продолжува без ограничување и по завршувањето на работниот однос.

## 5.4 Постапување со внатрешни информации

Како друштво кое котира на берза, Телеком Австрија АГ е предмет на строги барања во согласност со регулативата на пазарот на капитал.

Ние сме свесни дека тргувањето со хартии од вредност и деривати и давање препораки при искористување на внатрешни информации, откажување или промена на нарачка за трговија или препорака за тоа, при искористување на внатрешни информации и откривање на истите без оперативна потреба е забрането и ќе се казни.

Внатрешните информации се јавно непознати, прецизни информации што директно или индиректно влијаат на еден или повеќе издавачи на финансиски инструменти или еден или повеќе финансиски инструменти и кои доколку се јавно познати, веројатно значително ќе влијаат на цената на таквите финансиски инструменти или цената на дериватот финансиски инструменти поврзани со нив.

Сите информации на кои може да реагира цената на акциите се строго доверливи. Таквите информации можат да се споделат само документирано и во рамките на оперативните потреби.

## 5.5 Финансиски интегритет

Во рамките на опсегот на нашите професионални задачи, потврдуваме дека книгите и записите кои ги креираме се целосни и точни и даваат точен и правичен преглед на економската и финансиската ситуација на компанијата, дека секоја трансакција и трошок се точно одразени и дека тие се креирани навремено, во согласност со тековните применливи правила и стандарди. Со тоа, ние се водиме според нашиот систем за внатрешна контрола кој е дизајниран да обезбеди усогласеност со сите релевантни финансиски барања за пријавување, вклучувајќи го и SOX (Sarbanes Oxley Act).

# 6 Спречување конфликти на интереси

Сè што правиме во рамките на опсегот на нашите професионални задачи е ориентирано кон интересите на компанијата. Сите вработени се предупредени да избегнуваат ситуации во кои нивните лични или финансиски интереси се во конфликт или би можеле да се судрат со интересите на А1 Телеком Австрија Групацијата. Избегнуваме ситуации кои можат да оставаат впечаток дека на нашите деловни одлуки влијаат лични интереси.

Меѓутоа, не е секогаш возможно да се спречат таквите конфликти на интереси. Без да се побара тоа од нас, ние секогаш целосно го информираме нашиот менаџер за сето она што може да претставува можен конфликт на интерес, колку што е можно поскоро.

Посебните обврски за известување се применуваат за следниве конфликти на интереси:

• секундарен работен однос за профит и функции во управни одбори во компании надвор од Групацијата,

• внатрешни и надворешни професионални односи со блиски роднини (деца, браќа и сестри, родители, сопружници, блиски роднини на сопружниците и лица кои живеат во исто домаќинство најмалку 1 година),

• инвестиции во капитал во деловни партнери со повеќе од 5% во случај на учество во деловниот однос на страната на А1.

Ние внимателно постапуваме со средствата на компанијата. Ние генерално не го користиме имотот на компанијата за приватни цели или за активности кои не служат за целта на компанијата.

Секој е слободен да споделува јавно достапни информации со секого, вклучително и на социјалните медиуми, но доверливоста на внатрешните, доверливите и тајните информации мора да се одржува.

Слободата на изразување ја сфаќаме како збогатување, но не прифаќаме каква било форма на малтретирање, расизам или дискриминација. Ова се однесува на сите комуникациски активности, а особено на социјалните медиуми.

Не прифаќаме лични попусти од деловни партнери или конкуренти на А1 Телеком Австрија Групацијата што ни се доделуваат во однос на нашата работа во А1 Телеком Австрија Групацијата, освен ако овие попусти се нудат на сите вработени или на голема група вработени во А1 Телеком Австрија Групацијата.

# 7 Придржување кон стандардите за однесување

Сакаме да ги постигнеме нашите деловни цели и притоа дејствуваме во согласност со законот и со интегритет.

Лошото однесување и прекршувањето на стандардите за однесување имаат сериозни лични последици не само за поединецот, туку и за целата компанија. Поради ова, несоодветното однесување не може да се толерира. Менаџерите имаат посебна функција да поставаат соодветен пример во овој поглед.

А1 Телеком Австрија Групацијата постојано и свесно дисциплинира незаконско и несоодветно однесување и прекршувања на внатрешните упатства, без оглед на чинот или позицијата на инволвираното лице.

Информациите дадени од чесни вработени се еден од најефикасните начини на разоткривање на лошо однесување во компанијата и затоа се соодветна мерка за откривање на сериозни ризици во рана фаза во рамките на А1 Телеком Австрија Групацијата. Секој вработен, но исто така и секое друго засегнато лице, може да пријави повреда или сомневање за кршење на законските одредби, на овој Кодекс на однесување или на внатрешните упатства. Ништо негативно нема да им се случи на чесните укажувачи кои дале информации согласно нивното знаење. Ова исто така важи и за совети кои не се опфатени со локалните закони за заштита на укажувачите. Одделот за усогласеност е одговорен за оперативното спроведување на заштитата на укажувачите. Укажувачите можат да се обратат до овој оддел ако сметаат дека биле негативно погодени од каква било форма на (воочена) неповолност како резултат на дојавувањето. Заштитата на укажувачите не се применува доколку се дадени свесно лажни информации на штета на компанијата или нејзините вработени.

Укажувачите прво треба да му пристапат на својот менаџер за да добијат почетна поддршка. Ако некој менаџер добие извештај од укажувач, тимот за усогласеност мора да биде известен за овој извештај, а во спротивно извештајот мора да биде доверлив. Алтернативно, информациите можат да бидат адресирани до одговорниот менаџер за усогласеност (за список со контакти, погледнете на www.A1.group/compliance).

Информациите може да се обезбедат и преку порталот на А1 Телеком Австрија Групацијата tell.me-whistleblowing portal. Доколку сакате, можете да останете целосно анонимни. Во овој случај, ве молиме користете ја опцијата за поставување електронско поштенско сандаче на tell.me-whistleblowing portal за да можете да останете во контакт со менаџерот за усогласеност, анонимно за време на истрагата.

Деталите ќе бидат испитани и проверени доверливо и од лица обврзани на доверливост.

Алтернативно, информациите, исто така, може да се достават до властите во согласност со законските одредби за обезбедување правна заштита на укажувачите.

Секој кој свесно шири лажни информации за други вработени или деловни партнери, самиот прави недолично однесување.

# 8 Прашања

Конкретните прашања што се појавуваат во секојдневната работа и не можат да бидат соодветно одговорени со овој Кодекс на однесување или со внатрешните упатства, треба да се дискутираат со менаџерот. Дополнително, прашања и коментари за Кодексот на однесување и Упатствата за усогласеност можат да бидат упатени до одговорниот менаџер за усогласеност.

За понатамошни прашања, контактирајте го Групацискиот тим за усогласеност ask.me@A1.group.

Контакт информации за тоа како е организирана усогласеноста и повеќе информации за Кодексот на однесување и Упатствата за усогласеност може да се најдат на интранетот и на нашата корпоративна веб-страница на www.A1.group/compliance.

# 9 Поврзани документи

Барањата за однесување се наведени во следните упатства на А1 Групацијата за усогласеност и ESG:

- Упатства на А1 Групацијата против мито, корупција и конфликт на интереси
- Упатства за заштита на податоците на А1 Групацијата
- Упатства за антимонополска политика на А1 Групацијата
- Упатства за усогласеност на пазарот на капитал на А1 Групацијата
- Политика за човекови права на А1 Групацијата
- Политика на разновидност, еднаквост и вклученост на А1 Групацијата
- Политика на етика во медиумите на А1 Групацијата
- Политика за конфликтни минерали во А1 Групацијата
- Политика за зелена електрична енергија на А1 Групацијата
- Политика за одржливо пакување на А1 Групацијата
- Принципи за набавка на А1 Групацијата


ИНТЕГРИТЕТОТ
Е ОСНОВА НА
НАШИОТ БИЗНИС.


ДА:
ЧЕСЕН.
ПРАВИЧЕН.
ТРАНСПАРЕНТЕН.